# Различни приоди во известувањата на македонските печатени медиуми во текот на војните на просторите на бивша Југославија

Билјана Величковска, Викторија Димитровска, Џигал Сеад

**Вовед**

Веројатно нема да згрешиме ако кажеме дека состојбите во печатените медиуми во Македонија во деведесетите години од XX-от век не се разликуваа од останатите земји кои во овој период поминуваа низ општествена пост-социјалистичка транзиција. Сепак, структурираноста и раслојувањата во медиумскиот сектор имаат свои „локални особености“, а тие во Македонија се одвиваа стихијно и неконзистентно. Додека телевизијата не чекаше да ја проба својата среќа на плуралистичкиот медиумски пазар (ТВ РТА, подоцна ТЕЛМА, во етерот се појави 1992 година, ТВ А1 почна да функционира во 1993 година), на печатените медиуми им беа потребни цели пет години да го направат тој исчекор (Sopar: 2003). Пред „бумот“ на дневните весници 1996 година, најголемо, но и единствено претпријатие од таков вид беше НИП „Нова Македонија“ која го „заситуваше“ пазарот со своите четири дневни весници, два на македонски јазик („Нова Македонија“ и „Вечер“), еден на албански („Фљака“) и еден на турски јазик („Бирлик“). Покрај нив, претпријатието на пазарот пласираше уште девет свои изданија наменети за различни возрасти и подгрупи на читатели (ibid).

Прв весник кој го разби овој монопол беше дневниот весник „Дневник“ (1996), следуваше дневниот весник на албански јазик „Факти“ (1998), потоа „Македонија Денес“ (1998), „Утрински весник“ (1999), „Вест“ (2000), „Roma Times“ (дневно издание на ромски јазик, 2003), „Време“ (2004) и „Koha Ditore“ (дневен весник на албански јазик, 2004). Во исто време стартуваа и неделните весници: „Фокус” (1995), „Денес” (1997), „Старт” (1999), „Капитал” (1999), а од 2000 година „ЗУМ”, „Актуел”, „Лоби” (на албански јазик). Сé на сé, денес македонскиот пазар може да се „пофали” со релативно богат и разновиден печат.

**За методот**

Во обидот да се осознае како македонските печатени медиуми известувале за војните на просторите на бивша Југославија, применет е методот на таканаречена *квантитативно-квалитативна анализа* на прилози објавени во весниците „Нова Македонија” и „Фљака” во три временски периоди, војната во Словенија, масакрот на пазарот во Сараево и Косовската криза. Во анализата, пред сé, се опфатени следните елементи:

- наднаслов, наслов и поднаслов на сите прилози за посочените настани,
- жанровската структура и структура на прилозите,
- страницата каде е објавен прилогот,
- автор на текстот (новинар, агенција) и авторскот пристап (информативен, коментирачки, поттикнувачки и сл)
- извори на информациите,
- илустрации во прилозите.

Зошто анализата се фокусира токму на весниците „Нова Македонија” и „Фљака”? Имајќи ги предвид карактеристиките на македонскиот медиумски пазар, пред сé на печатените медиуми, како релевантни се наметнуваат неколку параметри. Најнапред, во првиот истражуван период (25 јуни - 2 јули 1991) Нова Македонија, заедно со дневниот весник „Вечер“ (печатен во истата издавачка куќа), претставуваат доминантен двоец на дневни весници на македонски јазик во државата, додека „Фљака“ беше единствен дневен печатен весник на албански јазик. Ваквата нивна позиција на медиумскиот простор дава јасна претстава за потенцијална моќ и влијание што ја имаа овие весници. Во текот на вториот истражуван период (5 февруари - 12 февруари 1994) нивната позиција на пазарот на дневни весници главно останува непроменета, освен ако како конкуренција не се сметаат сé побројните приватни телевизиски станици. Единствено, методолошки гледано, анализата на третиот истражуван период (24 март - 1 април 1999) може да се стави под знак прашање. Зошто? Кризата на Косово македонскиот медиумски пазар ја дочека во драстично различна положба. Новите дневни весници (особено Дневник, Утрински весник и Факти) ги истуркаа Нова Македонија и Фљака на маргините и тие денес речиси сосема го имаат изгубено своето место помеѓу македонските читатели. Но, наспроти ваквите промени, специфичноста на самото истражување налага анализата сепак да се сосредоточи токму на овие два весника[1].

## За новинарите

„Je ne suppose rien, je ne pronose rien, j’expose
Не се залагам за ништо, не предлагам ништо, јас изложувам“
*Огист Конт*[2]

Може да се каже дека новинарите најчесто тврдат дека во својата работа се водени од начелата на позитивизмот и препораките на Огист Конст. Како дел од таа методика и пристап тие како да очекуваат од своите читатели дека таквиот начин на пишување и известување е редовен и дефинитивен. Имајќи го предвид тоа што напишаното најчесто парадигматски асоцира на библиска сериозност, провереност и одговорност на авторот кон напишаното, може да се забележи дека често критичката свест на читателот опаѓа кога станува збор за дневните весници и нивните содржини. „Модерниот човек“ е многу поскептичен кон комбинаторните, селективните и во крајна линија манипулативните потенцијали на електронските медиуми отколку на „старите добри весници“. Како и да е, системот и практиката на информирањето на печатените медиуми, заради општотото добро, пожелно е постојано да се преиспитуваат и да се доведуваат под знак прашање.

**Војната во Словенија** (25 јуни - 2 јули 1991 година)

Денес, по цели 13 години од војната во Словенија, оној кој што ќе се обиде да се информира преку весникот **Нова Македонија** што се случувало тогаш, и покрај тоа што станува збор за провладин весник, ќе може да прочита релативно балансирани вести за настаните. Весникот, настаните во Словенија ќе ги покрива со свој специјален известувач кој всушност првично требало да ја проследи прославата на независноста на Словенија, но наеднаш се нашол во средиштето на конфликтот и започнал непосредно да известува за ситуацијата во Љубљана детално опишувајќи го животот и проблемите со кои се соочуваа обичните граѓани на овој град. На 25

јуни 1991, на насловната страница на **Нова Македонија** ќе прочитате „Зад демократијата се крие отцепување?!", наслов кој сигнализира еден вид затеченост од настаните. За тоа говори и следното: во текстот во кој преовладува носталгично расположение, непотпишаниот автор ќе констатира дека „најголемиот дел од Југославија го доживува раздружувањето на Словенија и Хрватска како отцепување или поточно како дефинитивен крај на југословенската држава", за разлика од Словенија каде „ситуацијата се прима релативно мирно и како свршен чин". Во прилог на ваквото негово 'внатрешно' расположение е и фотографијата од Љубљана под која пишува „Љубљана се подготвува за судбоносниот ден". За подготовките на Словенците за историскиот ден, или како што конкретно е наведено „денот Д", се пишува на четвртата страница каде специјалниот известувач дава повеќе детали за начинот на кој ќе функционира новата војска и за прогласувањето на формалните акти.

Следното издание на весникот од 26 јуни со впечатливо големи букви на насловната страница објавува: „Словенија и Хрватска се раздружија од Југославија". Фотографиите на Љубљана и Загреб се проследени со поднасловот „Едностраните одлуки на Словенија и Хрватска внесоа страв и неизвесност за натамошната судбина на Југославија". На насловната страница како и во единствениот коментар на ова издание на весникот се дава негативна оценка за Словенците, оквалификувани како „итреци" и луѓе кои „се обидуваат да спечалат нешто, да ловат во матно". Во вакви околности претставувањето на Словенија и Хрватска наликува на опис на група „бељации". Фронталниот атрибут „едностраните" го сигнализира поттекстот на известувањето, додека самите новинари сѐ уште ја чувствуваат СФРЈ како ентитет и целина, но сепак како целина која се рони. Ова сознание во оваа фаза се рефлектира во амбивалентна позиција за СФРЈ. Од една страна таа се нарекува „наджиveана заедница", но, од друга, се додава дека „не треба да се кренат раце од сѐ, (таа) опстојала повеќе од седум децении, па постојат обврски кон неа". Позицијата на Македонија во однос на новонастанатата ситуација воопшто не се коментира. Може да се каже, барем за разгледуваните весници, новинарите не биле некаков вид општествена авангарда која би ги предвидела настаните и би предложила некаква позиција во овие турбулентни околности.

Колку што се заострува ситуацијата, толку Нова Македонија сѐ повеќе простор отстапува за настаните во Словенија, така што на 27 јуни покрај насловната страница (со фотографија на словенечките полицајци распоредени на новата граница помеѓу Словенија и Хрватска), весникот одвојува уште пет дополнителни страници за овие настани. Со речиси истото темпо весникот продолжува до крајот на истражуваниот период. На 28 јуни на насловната страница се појавуваат фотографии со тенкови и војници кои недвосмислено укажуваат на воена состојба со што кореспондира и *бомбастичниот* наслов „Пукотници во Љубљана". Со ова новинарите на Нова Македонија разбиваат каква и да е дилема во смисла на затскривање или ублажување на информациите за случувањата во Словенија.

Во однос на изворите на написите во овој весник може да се види дека покрај секојдневните извештаи од случајниот воен известувач од Љубљана, Нова Македонија главно се потпира на вести и соопштенија пренесени од државната југословенска новинска агенција Танјуг, а како дополнување на извештаите се користат и цитати од „Дело" (Delo), „Ослобоѓење" (Oslobođenje), како и известувањата од Радио Копар. Најголемиот број прилози се со прецизни извори, при што генерално се користат официјалните, иако понекогаш се користи изразот „се дознава", кој непосредно упатува на користење на неофицијални извори на информирање. Меѓутоа и самите новинари кои се свесни за употребата на неофицијални извори во еден текст експлицитно напоменуваат: „информациите (треба) да се прифатат со резерва, затоа што не се официјално потврдени". Во друг случај известувачот оценува дека на прес-кон-

ференциите во Словенија, „министрите даваат контроверзни, конфузни и нецелосни информации во спротивност со информациите од ЈНА“, со што се индицира обидот да се заземе критичка дистанца кон настаните. Колку што се зголемува напнатоста, новинарите стануваат се посвесни дека се наоѓаат во средиштето на политичкиот *галимаӣијас*, каде изјавите, демантите и обвинувањата се менуваат секој час, а вината редовно се префрла на другиот или како што се вели во еден од извештаите: „соопштенија доаѓаат од сите страни, но во себе содржат обвинувања само за спротивната страна“. Со благи постапни поместувања се забележува дека иницијално, нешто покритичниот однос кон словенечката страна, постапно еволуира кон балансирана позиција кон двете страни, кои се сметаат подеднакво одговорни за грдото лице на војната тука пред нашите очи.

Кога станува збор за конкретни личности и институции кои се цитираат и чии изјави се пренесуваат, од словенечка страна најчесто тоа се највисоките функционери на Словенија (претседателот, претседателот на владата, претседателот на собранието, пратениците, членовите на главните словенечки партии), додека од условно „југословенската страна“ се пренесуваат соопштенијата од сојузните институции (Сојузниот извршен совет, Секретаријатот за народна одбрана, Сојузниот собор, Секретаријат за внатрешни работи, Претседателството на СФРЈ, како и релевантните министри). Не отсуствуваат ниту изјавите на светските лидери, кои сепак се застапени значително помалку. Од извештаите може да се заклучи дека постои добра комуникација со словенечките официјални лица кои одржуваат редовни прес конференции и средби со новинарите, чија пак добра организираност самите репортери понекогаш ја оценуваат како дел од пропагандната војна. Редовно се проследуваат соопштенијата од сојузните органи преку државната новинска агенција Танјуг. Видливо е дека повеќе простор им е отстапен на сојузните соопштенија, со тоа што секое соопштение е третирано како одделна вест, додека изјавите на словенечките претставници главно се синтетизирани во една поопширна вест.

Генерално, весникот ја задржува неутралната позиција, иако повремено неутралноста се напушта и весникот се впушта во давање негативни оценки на сметка на двете страни (одлуките на Словенија се оценети како „еднострани“, СФРЈ се оценува како „зовриена и сé повеќе избезумена“). Од разгледувањето на известувањата се добива впечаток дека Македонија сака да се држи настрана од словенечкиот хаос, што е и разбирливо со оглед на поголемата оддалеченост, но со одолговлекувањето на немирите и растењето на тензиите, расте и незадоволството и стравот од можната ескалација и загриженоста на Македонците, особено на семејствата чии членови се наоѓаат во служба во ЈНА. Кај македонските граѓани полека се урива сликата - стереотипот за Словенија како прекрасна, мирна и тивка „дежела“. Таа одеднаш станува „место каде се пука, убива и апси, место полно со неизвесност и немири“. Мигот на разбивање на стереотипите секогаш тежнее да биде повеќе афективен отколку когнитивен процес (Breton 2000: 83). Но, и таквата Словенија сé уште се доживува како дел од Југославија, за што говори фактот дека новинарите за војната во Словенија често го употребуваат терминот „судирите во нашата земја“.

Наспроти тоа, известувањето за војната во Словенија, во единствениот албански дневен весник **Фљака** во тој период, може да се каже дека се сведува на оскудно информирање. Весникот нема свои известувачи од Словенија, а целокупното известување за настаните се базира на агенциски вести, најчесто преземени од Танјуг. Така на пример, со еден ден задоцнување од другите печатени медиуми, Фљака на 26 јуни 1991 на насловната страна известува за „Демократското решавање на кризата во Југославија“, користејќи ги информациите на Танјуг. Ваквиот пристап во инфор-

мирањето нема капацитет да обезбеди објективност во дадената ситуација. Секако, не може да стане збор ниту за балансираност на мислењата, ниту пак за изнесување на факти кои што се белег на подлабоко и пообмислено известување. На овој начин албанската читателска публика останува покуса за информации кои би и обезбедиле континуирано следење на состојбите и развојот на кризата во Словенија.

Зборот на „втората страна" од ова издание на весникот ѝ се дава на шестата страница каде што се пишува за јасниот став на Словенија во однос на нејзината намера за отцепување, овде наведено како „раздружување од СФРЈ". Насловот на оваа вест, даден во прашална форма, ја изразува дилемата за тоа дали сојузниот премиер Анте Марковиќ ќе ја употреби ЈНА во спречувањето на намерата на Словенија. Споредбено со „едностраните одлуки за раздружување" на Нова Македонија, пристапот на Фљака е нешто порезервиран. Ако се побараат одговорите на прашањето колку се новинарите посветени на одржување на статус кво состојбите во однос на структурите на моќта во една заедница (Sadkovich 1998: 1-2), може да се види дека стартната позиција на отпорот на новинарите на Фљака кон промените е поблаг.

Следниот број, објавен на 28 јуни, е преплавен со куси информации за состојбата по отцепувањето на Словенија и Хрватска. Фљака се обидува да ја долови „драматичната ситуација во Југославија" со слика на тенк и вооружен војник на ЈНА на насловната страница. Понатаму, се цитира изјавата на словенечкиот претседател Кучан кој отворено вели дека Словенците „ќе го штитат суверенитетот со сите можни средства и мерки". Според него, создадениот отпор кон ЈНА се јавува како резултат на „бруталниот и непримерен чекор на народната армија на југославија која манифестира агресија над самостојната и независна Словенија". Оваа вест е пренесена од дескот на Танјуг. Интересно е тоа што вестите од Љубљана известуваат за „движењето на блиндираните единици на ЈНА во Словенија", „пробивањето на поставените блокади на улиците во Љубљана" и „контролата на ЈНА на границите на Словенија", додека вестите од Белград се однесуваат на изјавите на Сојузниот федеративен секретаријат за народна одбрана во однос на „мерките кои се преземаат за обезбедување на границите на СФРЈ". Војната со зборови помеѓу инстутициите на федерацијата и на словенечките органи се одвива паралелно со војната на теренот. Фљака несистематски дистрибуира фрагменти од едниот, но и од другиот вербален арсенал. На третата страница од истото издание се пренесува писмото од Милан Кучан до претседателите на републиките во кое се потенцира „агресијата над Словенија". Може да се добие впечаток дека информациите од Љубљана и од Белград обезбедуваат спротивставени мислења, но овој пристап не е доволен за да кажеме дека има балансирано фактичко и навремено известување, пред сѐ бидејќи сите информации доцнат најмалку еден ден и главно се темелат на агенциски вести и официјални соопштенија од кои не може да се извлече јасна и неконтрадикторна слика за состојбите во Словенија. Забележително е отсуството на компонентата на аналитичност и редакциски став. Во оваа смисла, може да се наведе ставот на Садкович кој овде во голема мера е потврден:

> „Новинарите се тренирани да собираат, не да анализираат информации. Тие се обидуваат да го потврдат својот кредибилитет со тежнеење кон умерени мислења, игнорирање на неверојатни вести, користење на авторитетни извори и селектирање на докази и податоци кои се прифатливи за нивните уредници и читателите" (Sadkovich 1998: 3).

Интересно е да се одбележи како Фљака постапно ја воведува третата релевантна страна во збиднувањата во Словенија, т.е. претставниците на меѓународната

заедница. Иако насловната страна на Фљака од 30 јуни е претежно посветена на состојбата во Словенија по прогласувањето на самостојноста (преку главната вест дека „По вооружените судири во Словенија е постигнато примирје“ придружена со слика од судирите во изминатите неколку дена), со насловот „Кој не го почитува примирјето: Словенија или ЈНА?“, се информира за „успешната мисија на Европската унија која резултираше со прифаќање на условите за мир од страна на ју-гословенските лидери“, како и за прогласениот тримесечен мораториум за отцепување или примирје и цврстиот став на Словенија во однос на отцепувањето. Значи, забележително место на насловната страна зазема веста за Самитот на Европската Заедница во Луксембург на која беа прифатени условите за мир, а истата се нарекува „успешна мисија“. По заострувањето на ситуацијата во Словенија, Фљака во своето известување се потпира на вести и соопштенија пренесени од државната новинска агенција Танјуг. Се добива јасен впечаток дека сите информации се прилепени и прикачени во весникот без некој редослед, логичен тек или со некаква обмислена тенденциозност, што од своја страна може да се протолкува како немање конзистентност во известувањето, односно се одржува панорамскиот или површно-информирачкиот став. Известувањето воопшто не е проследено со видувања или коментари дадени од претставници на словенечката влада, од пратеници, офицери, министри или пак изјави на светски лидери. Згора на ова е фактот што за овие настани се информира дводневно и нередовно. На овој начин се добива нејасна слика за состојбата во Словенија, пред сѐ бидејќи не се известува редовно. Се наметнува и впечатокот дека весникот претрчал преку настаните со тоа што речиси одеднаш, навидум парадоксално, информира за ескалација на кризата и за постигнатиот мир.

**Војната во Босна и Херцеговина** (5 февруари - 12 февруари 1994 година)

За војната во Босна посебно значење има масакрот во центарот на Сараево, на централниот пазар „Маркале“. Тој сериозно ја вознемири целата светска јавност. Како за тоа информираше **Нова Македонија**? Првата, мошне куса информација беше за „двете гранати кои паднале во редицата луѓе кои чекале хуманитарна помош во една населба во југозападниот дел на Сараево“. Иако се известува за девет загинати лица, од кои три деца, на настанот се посветуваат само десетина реда, додека веста е преземена од странските агенции АФП (Agence France-Presse) и ДПА (Deutsche Presse-Agentur). Веќе следниот ден (6 февруари 1994 година) весникот на насловната страна објавува информација за нов напад во центарот на Сараево, во кој загинале 58 лица, објавувајќи фотографија од местото на настанот прикажувајќи ги телата на загинатите. Во првичните вести се шпекулира со бројот на загинати и ранети, а таа цифра варира во зависност од изворите: сараевската болница на пример дава податоци за 59 загинати, за очевидците бројот на ранетите е 120, додека според Радио Сараево тој број изнесува околу 200 лица. Понатаму настанот е постојано на насловната страница на весникот, при што објавените фотографии прикажуваат потресни сцени со телата на загинатите и ранетите. Од овие фрагменти воочлив е дескриптивниот пристап на новинарите, при кој објективното информирање се сведува на давање збор на сите страни и релевантни извори, а обидот за зачувување на професионалноста добива особености на известување на резултат од спортски натпревар. Значи, весникот ја информираше јавноста користејќи сознанија како од официјални претставници (босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ, босанскиот премиер Харис Силајџиќ, лидерот на Босанските Срби Радован Караџиќ, претставникот на босанските Хрвати, Радио Сараево, службата на информирање на босанската армија во Сараево, портпаролот на југословенската армија, медицинскиот координа-

тор на УНХЦР), така и од неофицијални извори. Широката употреба на непрецизни и неофицијални извори (наведени како: очевидци, познавачи на ситуацијата на Балканот, воени експерти на ОН, неименувани воени експерти на НАТО, француски дипломати, високо доверливи и сигурни извори од командата на УНПРОФОР, политички аналитичари од Белград, извори блиски до мировните посредници) создаваат претпоставки за лоцирање на субјективно информирање за настаните и градење на медиумската реалност врз шпекулации и непроверени тврдења.

По едногласната осуда на трагичниот настан и реакциите од речиси сите светски лидери, весникот своето внимание го насочува на меѓународната заедница и мерките кои евентуално ќе бидат преземени против виновниците за злосторството, односно се дискутира можноста од воздушни напади врз артилериските позиции во и околу Сараево од каде што главно се изведуваат нападите врз цивилното население. Она што е карактеристично за овој период на известување е дека најголемиот дел од објавите всушност се преземени информации од странските новински агенции (АФП и ДПА), како и од југословенската агенција Танјуг. Дури подоцна весникот ќе почне да ја користи својата широка мрежа на дописници од Белград, Софија, Москва, Брисел, Лондон, Келн. Треба да се спомене дека Нова Македонија нема свој директен дописник од Сараево или од некој друг град во БиХ, кој изворно би известувал за текот на случувањата. Во еден од ретките авторски написи во весникот од 8 февруари 1994 се дава осврт за текот на настаните, при што македонскиот новинар не обвинува ниту една страна велејќи дека „не може со сигурност да се впери обвинителниот прст ниту кон Србите, ниту кон Муслиманите. Сомневања постојат и за едните и за другите“. Написот може да се оцени како поттикнувачки и ангажирачки бидејќи преку него меѓународната заедница се повикува да преземе мерки за казнување на злосторниците. Весникот јасно се труди да ги претстави и да им посвети еднакво внимание на трите страни во конфликтот: босанските Срби, Муслимани и Хрвати, но и ставовите на НАТО, УНПРОФОР и на меѓународната заедница. Многу е тешко да се оцени објективноста на Нова Македонија при известувањето за овој настан, пред сé затоа што се користат соопштенија кои се пренесуваат од странските агенции и се чини дека токму тие беа клучни во формирањето на медиумската слика и јавното мислење во Македонија за овој настан. Во овој период особено се истакнува елаборираната тенденција за медиумска колонизација која често западните медиуми намерно или спонтано се обидуваат да им ја наметнат на известувачите од останатите региони и заинтересирани страни (Sadkovich 1998: 42).

Во написот од 9 февруари весникот ги пренесува изјавите на македонските партиски и политички лидери дадени седум месеци претходно во разговор со американскиот сенатор Карл Левин, кој во летото 1993 година ја посетил Македонија и разговарал со нив во врска со можната реакција на државата доколку има воена интервенција во Босна, и за тоа каков е ставот на македонските граѓани околу можното бомбардирање на воени цели во БиХ, како и тоа дали би се прифатило американското присуство на границата со Србија. Пренесувајќи ги изјавите, новинарот резимира дека освен овие ставови од пред седум месеци кои одат во прилог на можност за воена интервенција само доколку тоа е во „функција на запирање на војната во БиХ“, свежи официјални одговори од македонскиот државен врв на овие прашања во тој момент нема, иако самата меѓународна заедница е во екот на своите размислувања за воена интервенција во БиХ. Се добива впечаток дека Македонија повторно се приклонува кон стоење настрана од настаните. Не се објавени, а со тоа не ни се познати мислењата на македонските лидери и политичари околу ова прашање. Наспроти нив, новинарите повеќе ги следат и одат зад настаните отколку што ги водат или ги насочуваат. Тие ја пропуштаат шансата да го пополнат оставениот празен простор од естаблишментот и на настаните редовно им даваат ирационална и сурова

обоеност, не успевај ќи барем малку да навлезат или да го ориентираат читателот кон раскринкување на рационалната и планска заднина на настаните.

За масакарот на пазарот во Сараево, **Фљака** не одвојува многу простор. Во изданието од 6 февруари скоро и да нема вест која директно е поврзана со овој настан. Од двата наслови на третата страна кои се однесуваат на Босна, може да се забележи дека вестите повеќе се однесуваат на отежнатата состојба по маскарот и писмото на Изетбеговиќ до Варнер со барање за интервенција на НАТО, бидејќи масакрот се случил во безбедносната зона на Обединетите нации. Сликата за состојбата во Босна е надополнета со изјавата на посредникот за Босанската криза Столтенберг во која тој истакнува дека „поделбата на Босна е без алтернатива“, односно се афирмира европскиот мировен план кој предлага поделба на Босна на три дела, наспроти спротиставувањата од владата во Сараево. Ова наводно треба да се спроведе што побргу, заради прекин на огнот и одбегнување нови жртви. Двете информации се базираат на агенциски вести од Макпрес и АФП.

Следниот број на Фљака од 9 февруари излегува со веста на насловна страна за „Крајот или почетокот на крвопролевањето?“ во Босна, како резултат на поддршката што Клинтон ја изразил во однос на барањето на генералниот секретар на ОН Бутрос Гали за воена интервенција во Босна, односно за бомбардирање на алтернативните позиции на Србите околу Сараево. Веднаш под оваа вест, исто на насловната страна, со наслов „Србите ќе се заштитат“ објавена е заканата на Радован Караџиќ кој го коментира писмото на Бутрос Гали за можниот воздушен напад. На четвртата страна се издвојува простор за коментарот на новинарот Е. Садику за масакарот како мотив. Тој во својот текст ги потенцира „монструозните аспирации на Србите за Голема Србија каде што канибализмот и варваризмот се користат како дополнителен арсенал на српската дегенерирна популација способна да направи ваков чин, кој е надвор од границите на здрав разум“. Новинарот дава коментар и на изјавата на Милошевиќ дека „жртвите во Сараево се жртви на воени криминалци, а не на војната“. Тој го осудува Милошевиќ како најголем воен криминалец. Овој коментар, или поточно оваа остра реакција, претставува изнесување на лично мислење на новинарот кое не се труди да остане неутрално. Можеме да додадеме дека, генерално земено за повеќето разгледувани изданија, таму каде постојат очигледни празнини кои побаруваат аналитичност, авторите најчесто ја употребуваат стратегијата на субјективен коментар, кој когнитивниот дефицит го компензира со афективност.

Во следниот број на Фљака, на четвртата страна речиси срамежливо се известува за состојбата во Босна. Според одлуката на НАТО, Србите треба да ги повлечат тенковите најмалку 20 километри од Сараево во рок од 10 дена. Вториот натпис на истата страна, под ултиматумот, ги пренесува реакциите од светот во однос на воздушните напади на Босна. Генерално гледано, известувањето во овој период повторно се темели на информации од новинските агенции АФП и Макпрес, кои најчесто се повикуваат на официјални извори. Може да се забележи дека војната во Босна и Херцеговина, во периодот од 5 до 12 Февруари, во весникот Фљака не е доволно екстензивно покриена, ниту е проследена од повеќе аспекти, а со тоа не е реализирано рамноправно и рамномерно информирање во однос на трите завојувани страни во босанскиот конфликт. Видувањата на УНПРОФОР и на меѓународната заедница видливо отсуствуваат или пак се сосема незабележителни. Албанските читатели преку ваквиот начин на информирање, доколку се потпираа само на овој весник, не можеа да создадат јасна слика за овој настан, но и севкупно за состојбите во Сараево. Степенот до кој се известува овозможува на страниците на весникот да се одвива еден вид вербална игра на актерите од овие настани, додека вишокот од проследени детали како да ја заменува содржината на настаните.

**Косовската криза** (24 март - 1 април 1999 година)

Косовската криза се чини дека, пред сé поради својата близина, побуди многу поголем интерес кај македонските медиуми. Нова Македонија започнува со воведна статија на почетната страница на изданието, проследена со илустрација од граничниот премин Блаце. На неа фотографски е доловена опустеноста на овој граничен премин, кој практично, така прикажан, повеќе наликува на далечна гранична караула, отколку на граничен премин. На средишниот долен дел од фотографијата е прикажан пес скитник чии неизговорени зборови како да порачуваа „драги мои, веројатно ова е последното место каде би сакале да се наоѓате “. Насловот, текстот и илустрацијата јасно ги рефлектираа стравувањата од можниот или веројатен наплив на бегалци од Косово. Авторката на текстот уште во првиот пасус наведува дека официјалните информации за тоа дека граничните премини кон Косово, Блаце и Јажинце, се затворени, досега се потврдени само од странските известувачки куќи „Асошиејтид прес“ (Associated Press) и „Ројтерс“ (Reuters). Во продолжение се проследува неодредена изјава на портпаролот на Министерството за одбрана кој одбива да ги потврди ваквите наводи на странските известувачки куќи. Забележителна е лошата комуникација која владините официјални претставници ја имаат со новинарите, кои се доведени во ситуација да ги пренесуваат информациите на своите странски колеги, иако реалните случувања се наоѓаа на петнаесетина километри оддалеченост од нивните канцеларии. Ова укажува дека при зачетоците на воената разврска на косовската криза, не постоел дефиниран или цврст априорен приод во известувањето. „Нова Македонија“ кој во овој период важи за изразен про-владин весник и начинот на кој тој ги отсликува настаните покажуваат дека позициите на естаблишментот сé уште не се дефинирани. Но, единствени знаци дека станува збор за провладин весник се  спорадичните фрагменти кои ја опишуваат ревноста на полицијата во близина на граничните премини.

Остатокот на ударната статија завршува со еден вид патепис на екипата која ги посетила двата гранични премини кон Косово и граничниот премин кон Србија. Нешто помал дел од насловната страница е отстапен на информацијата за неуспешните преговори на американскиот пратеник Ричард Холбрук и југословенскиот претседател Слободан Милошевиќ. Веста е пренесена од Ројтерс, но, исто така, цитирана е изјавата на југословенскиот претседател за државната телевизија на СР Југославија во која тој бара да биде укинат крајниот рок за постигнување политички договор за Косово. Иако им е даден зборот на, условно кажано двете страни, сепак евидентно е дека просторот за изјавите на западните дипломати и претставници е многу поголем. Наредниот број на Нова Македонија од 25-ти Март со крупен наслов и фотографија на американскиот претседател Клинтон известува за почетокот на бомбардирањето на НАТО силите врз СР Југославија. Самиот наслов е дескриптивен (НАТО ја бомбардираше СР Југославија), а подолу се наведени детали за локациите кои биле погодени во првиот бран на бомбардирање, пренесени од Ројтерс. Првата страница е целосно посветена на „западната страна“ на кризата, со куси изјави на официјални македонски претставници за стабилната безбедносна состојба во државата. Единствена тенденциозна постапка која овде може да се забележи е т.н. „кадрирање“, кое подразбира „распоредување на фактите“ на погоден начин (Breton 2000: 101) и сигнализира заситеност на претставувањето на нас-таните од само една страна. Оваа насловна страница на весникот веќе е појасна рефлексија за позициите на естаблишментот во однос на воената криза и е релативно суп-

тилна медиумска екстензија на логистичката подршка за западната алијанса дадена на теренот. Во дополнителен коментар на член на редакцијата се наведуваат можните последици за регионот од воената интервенција на НАТО. Забележлива е повремена употреба на техниката на „зборови стапици“ (ibid 101-102) каде што соодветна синтагматизација има лесно предвидлив ефект (Andreas Freund цитиран во Breton 2002: 102), односно употреба на одредени групи зборови има вграден и подразбирлив ефект за читателот (на пример, челичниот Милошевиќ, тврдоглавиот Милошевиќ и.т.н). Ваквата лексика го отклонува коментарот на редакцијата од неутрален и го трансформира во ангажирачки текст. Исто така, во речиси сите текстови се врши персонификација на раководството на СР Југославија и Србија со ликот и делото на нивниот претседател.

На третата страна од истото издание се информира за дозволениот проток на бегалците од Косово кон Македонија преку контролирано отворените гранични премини. Овој сегмент полека ја сигнализира точката на прекршување од која весникот почнува да посветува многу поголемо внимание кон бегалската криза, а во втор план да известува за случувањата на Косово и во СР Југославија.

Во изданието од петок, 26-ти март, за состојбите на северот од Македонија почнува да известува постојаниот дописник на весникот од Белград. Известувањето на дописникот главно се засновува на пренесување на официјалните соопштенија и изјави на државните институции и претставници, како и на локалните српски известувачи за штетите од бомбардирањето. Информативниот придонес на постојаниот дописник се обидува да внесе рамнотежа во информирањето од двете страни на конфликтот, иако квантитативно соодносот останува приближно 2:1 во полза на западните земји. Оваа математичка логика може да се релативизира со фактот што бројот на западни претставници кои дневно даваат изјави и ги опслужуваат медиумите е значително поголем. Вграден недостаток во известувањата на постојаниот дописник од Белград е тоа што за состојбите на Косово известува преку извори од југословенска и српска страна, најчесто цитирани како „според српски извори“, „воениот коментатор на ТВ Србија“ и еуфемизирани конструкции за несигурен извор, на пример „судејќи според сé“, „очигледно“ итн. Спорадично, оваа празнина во весникот се дополнува со информации за ситуацијата на Косово од западните агенции.

Информациите за косовската воена криза, делумно почнувајќи од овој број, полека се стабилизираат во рамките на претходно дефинираните рубрики на весникот за домашни информации и информации од странство, при што состојбата со граничните премни, бегалците од Косово и безбедносната ситуација во државата доминираат со домашните вести. Патеписните прилози од границата, исто така, продолжуваат да бидат приложувани. Позабележително отклонување од неутралниот приод се забележува во текстот објавен во изданието на весникот за 27-28 март, во однос на „антинатовскиот протест во Скопје“. Авторот е потпишан само со иницијали, а самата статија е дел од домашните вести. Тој во воведните сентенци го искажува својот личен став на силно неодобрување на протестот организиран на 26 март во Скопје. Целиот текст е проткаен со лични импресии за настанот, додека забележливо е отсуството на дескриптивниот или пак официјално потврдениот дел за штетите од насилните протести.

Од 29 март zа Нова Македонија почнува редовно да известува и специјалниот дописник од Брисел кој поавтентично изнесува детали од операцијата на НАТО. Овие извештаи главно се збогатени со воено-техничка терминологија и жаргон очигледно произлезени од редовните соопштенија и прес-конференции на НАТО претставниците. Во истото издание од дописникот во Белград, без наводници и без јасна референца, пренесена е еднострананата изјава на српската страна дека на тој ден „се слави денот на државноста, кога точно пред десет години во центарот Сава се усвоени уставните промени со кои на Србија и е вратена целокупноста на целата нејзина територија со укинување на амандманот за автономија на Војводина и Косово од уставот на СФРЈ од 1974". Во наредните извештаи, нешто попедантно се цитираат изјавите и изворите од српска страна, додека *ангажираните изјави* се дадени во наводници. Во неколку наводи известувачот ги лоцира празнините во известувањето на југословенските претставници како на пример „Полковник Новковиќ не изнесе податоци за бројот на загинатите и ранетите војници и цивили" (Нова Македонија, 29.03.1999). При вака поставена матрица на известување, протокот на информации квалитативно и квантитативно се стабилизира, а она што забележливо прогресира е одбројувањето на деновите од почетокот на кризата.

Од друга страна, известувањето во **Фљака** за војната во Косово, во периодот од 24 до 31 март 1999 по многу нешта се разликува од начинот на известувањето за Војната во Словенија и Босна. Приливот на информации во едно издание е доста зголемен. Извештаите се информативни и имаат свој тек. Се известува ден за ден, а се добива и впечаток дека информациите се однесуваат на најважните случувања од војната во Косово. Основниот и најчесто користен извор на информации е „Косова-прес", додека поретко се користат информации од МИА, АФП, Ројтерс, КИЦ, Radio Dykaxhini, а некаде се сретнуваат и извори на НАТО и ООН. За одбележување е фактот што Фљака нема свои локални дописници од Косово. Следејќи ги насловите не може а да не се добие впечаток дека интересот за континуирано следење и информирање на албанската читателска публика во Македонија е на високо ниво. Се забележува изразено сочувство и наклонетост кон косовските Албанци во текот на овие настани. Бомбастичните и спектакуларни наслови на првите страници од весникот, несомнено побудуваат зголемен интерес за збиднувањата во непосредното соседство. Интересно е тоа што иако во овој период се одвива НАТО кампањата во полн ек, акцентот при информирањето е ставен на актуелните настани само во рамките на територијата на Косово и делумно јужна Србија. Кадрирањето на известувањето на Фљака е мошне транспарентно. Како што веќе беше споменато, насловите кои имаат сензационалистички карактер, имаат и доза на етно-центризам во себе. Еден ден пред бомбардирањето на Белград, Фљака е преполна со блиц-информации за загинатите и повредените Албанци на целата територија на Косово, за запалени албански куќи и гранатирање на села од страна на српските сили. Весникот мошне често српските трупи гиословува како „терористи". Информациите се особено детални, редовно содржат бројки на загинати, точна локација и име на местото на нападот, бројот на раселените, на заложинците, структура на бегалците (сооднос на деца, жени, стари лица), тешката состојба на бегалците кои „се кријат во планините без храна и облека". Од ова се добива навистина јасна, но еднострана претстава за состојбата во Косово. Можеме само да го повториме веќе наведениот став дека изобилството на детали ја инхибираат содржината на настаните која колку-толку би можела да биде оквалификувана како објективна. Исто така, континуиранaта ограничена фокусираност на дел од настаните на територијата на Косово и

маргинализација на настаните надвор од овие граници кумулативно создаваат искривена слика за настаните.

Низ призмата на оваа натуралистичка логика, како одминуваат деновите така насловите и вестите стануваат сé побројни и сé повпечатливи. Ако дотогаш се известуваше за бројот на загинати и иселени, подоцна можат да се сретнат наслови од типот „серија убиства и масовни масакрирања“, „со тенкови и блиндирани возила против албанските бегалци“, „невиден геноцид над невиното албанско население“, „продолжува егзодусот и српскиот терор во Косово“. Весникот е селективен во однос на информациите достапни во странските печатени медиуми кои известуваат за Косовската криза на тој начин што од таму се бираат наслови со нагласен воинствен набој како на пример: „Српски банди на смртта на улиците на Приштина“ според весникот Times, преземено од АФП, Лос Анѓелес. Фљака не се обидува да го сопре процесот на „над-лексикализација“ односно „засилена употреба на синоними или на (зборови со) приближно слични значења“ (Dimitrijević-Kazić 1999: 293) сé со цел зголемување на емотивниот ефект на текстот.

Во прилог на претходно изнезеното е и фактот што речиси сите информации кои се наоѓаат на насловната страна се придружени со слики на кои се гледаат запалени куќи, убиени луѓе, испалени гранати, расплакани жени со бебиња в раце, со други зборови страниците на Фљака се преполни со различни видови на емотивно набиени слики. Вестите за жртвите на српска страна и воопшто информациите за состојбата на српското население на Косово и остатокот од земјата во текот на бомбардирањето не фигурираат во првите денови од кризата. На четвртиот ден од почетокот на бомбардирањето во Фљака се појавува напис во кој се информира за „убиени 18 члена на југословенската армија, запленети тенк, хермелин и два автомобили во регионот на Дреница“. Весникот тековно известува за „сé поинтензивните напади на НАТО во Косово и Јужна Србија“, како и за подршката за бомбардирањето од страна на американскиот претседател Клинтон. Се пренесуваат и информации од анонимни претставници на алијансата (на пример навод „според еден претставник на НАТО“) за напредувањето на бомбардирањата на косовска територија. Интересно е тоа што никаде во весникот не се споменуваат соборените НАТО авиони, туку напротив се среќават информации и деманти од непотврдени извори на НАТО според кои „немало ниту еден соборен авион на алијансата“, додека пак од друга страна се информира за слабеењето на способноста на силите на Милошевиќ. Иако во оваа фаза за другите пишувани медиуми е типично да известуваат за состојбата на пограничните премини, за хуманитарната катастрофа и за развојот на бегалската криза, Фљака сепак и понатаму го одржува овој курс и го става акцентот на информирање за „српскиот терор“ и „варварскиот геноцид кој српското население го спроведува врз косовските цивили”. Со ова весникот јасно и недвосмислено го отцртува просторот на својот информативен интерес, кој се поклопува со просторите на кои се затечени Албанците во текот на оваа војна. Во карактеристиките на известувањето на Фљака треба да се напомене дека лингвистичките фактори значително влијаат врз пристапот, формата и содржината на известувањето. Фактот дека бројот на говорители на албанскиот јазик кои не припаѓаат на албанската етничка заедница во Македонија е минимален влијае новинарите да ги прилагодуваат текстовите само за оваа етничка целна група на читатели. На тој начин Фљака во текот на косовската војна едноставно е хроника на настаните во кои се инволвирани Албанците од Косово и не покажува стремеж аналитички или генеолошки да пишува за косовската криза.

## Заклучок

Некои од поопштите заклучоци и увиди веќе беа изнесени претходно, така што овде ни останува покрај нив да додадеме уште неколку согледби кои ќе го дополнат контекстот на истражуваната тема.

Еден од највоочливите заклучоци е дека новинарството во Македонија, гледано низ призмата на трите разгледувани временски периоди во кои известувале истражуваните печатени медиуми, не успеало да се воздигне до степен од кој би ги насочувало општествените процеси во оваа серија на многу критични и пресвртни настани. Причините за ова се бројни, една од најдиректните секако е сѐ уште незацврстената позиција на независното новинарство. Поумерените критичари веројатно би заклучиле дека очекувањата оти новинарството по пет соц-реалистички децении бргу и ефикасно ќе се трансформира во независно и професионално се покажаа како нереални. Исто така, дури и во светски рамки целосното реализирање на потенцијалот на новинарската професија да ги насочува и делумно да ги регулира битните јавни и општествени процеси не се реализира постојано и спонтано, секако ако во ова не се вклучат честите новинарски потфати со лансирање на потврдени или непотврдени афери да ги дерегулираат или забават процесите врз кои тие најчесто немаат контрола. Но, во нашиот случај останува заклучокот дека новинарите во овие три случаи не направиле решителен обид да ја осамостојат својата позиција преку доследно следење на идеалите на објективноста и професионалноста која самите ја прокламираат. Овде повеќе станува збор за еден вид релативно успешна снаодливост при барање на *modus operandi* помеѓу: одржување (или незагрозување) на: структурите на власта и моќта во државата, културните (понекогаш сведени само на етнички) вредности и идеалите на модерното новинарство. Денес, зголемената конкуренција создава подобри услови новинарите да се одважат на предизвикувачки истражувања и известувања кои пред сѐ би се ориентирале кон сопствената објективност и јавниот интерес, но реалните состојби покажуваат дека ваквата пракса сѐ уште е повеќе спорадична отколку нормативна и редовна.

Понатаму, при оваа анализа стана видливо дека критериумите на објективното новинарство ги надминуваат постапките со кои им се дава збор и простор на сите засегнати страни, се пренесуваат официјалните соопштенија на овластените институции и либерално се пренесуваат бројките за настаните од што повеќе страни. Слепото држење на новинарите до така наречената „микро-етика“ (Sadkovich 1997: 42), која ги подразбира претходните ставови за објективност, ја девалвира улогата којашто новинарствотоби требало да ја има, а тоа е позитивно, конструктивно и прогресивно да влијае врз реалноста и врз настаните. Во нашата реалност новинарите ја сведуваат својата професија на „трибунистички журнализам“.

Во однос на нешто поспецифичните локални особености на известувањето на наведените настани можеме да го додадеме и следното. Информативниот јаз којшто постои во разликите во известувањето помеѓу весниците на македонски и албански јазик, дополнително се проширува и се продлабочува поради јазичните и културните разлики. Карактеристично е, не само кај овие два пишувани медиуми, тоа што медиумите во условно кажано критичните периоди најчесто се концентрираат на известување на својата етно-лингвистичка заедница. Ваквиот впечаток секако е резултат на непостојаноста во информирањето за информативните преференции на заедниците коишто живеат во Македонија. Непознавањето на културните разлики и ставови на етничките, или во крајна инс-

танца на религиозните, групи, придонесува односите помеѓу нив да станувaат позатегнати, а меѓусебната комуникација да биде посиромашна. Додека поголемиот дел од Албанците во Македонија го разбира или го зборува македонскиот јазик и со тоа е во можност да погледне или да слушне што се случува зад етничкиот ѕид, Македонците речиси сосема се исклучени од информативниот сообраќај на албански јазик. Лингвистичкиот фактор, односно јазичната бариера, секако дека не е единствениот генератор на разликите во известувањето на медиумите во Македонија. Пречка за балансирано, односно интегрирано, известување е и професионалниот приод кон информирањето кој од своја страна подразбира почитување на барем четири основни новинарски критериуми: објективност, точност, навременост и релевантност. Детерминанти на курсот и текот на известувањата (на пример за војната во Косово), секако се изворите на информации. Ако главниот извор на информации за Фљака е „Косовапрес“, а за Нова Македонија странските информативни агенции и локалната дописничка мрежа, тогаш заклучокот за разликите во известувањето е логичен сам по себе.

На крај, не е невообичаено во тек на воените периоди медиумите да се ангажираат во подршка на политичките центри на моќ, честопати на сметка на професионалната веродостојност. Всушност, ова се покажува како најчест случај во нашите регионални рамки. Поимите за слобода на печатот и за независност на уредувањето можат да се компромитираат секаде каде новинарството станува жртва на политичка контрола и манипулација. Војните сепак не се единствен случај кога медиумите и новинарите стануваат жртви на притисоци. Некои протисоци се резултат на условите, на тензијата и на натпреварот на медиумскиот пазар, некои пак се наметнати од страна на политичките играчи. Новинарите секако се свесни и претпазливи во однос на „аутсајдерите“ или надворешниот фактор во новинарството, но повеќето од нив се свесни и за внатрешните слабости кои ги компромитираат новинарските стандарди. Проблемот е во тоа што локалните новинари коишто имаат недостаток од традиција на независност лесно се ранливи од политички притисоци. Ова нив најчесто ги води во мрачниот свет на политичката пропаганда каде нивна единствената функција е да бидат на оружје при нетолеранција и генератори на негативни стереотипи.

Новинарот од New York Times едноставно ќе сумира:
„Слободата на печатот е гарантирана само од оние кои се негови сопственици“

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Bal, F (1997) *Moć medija,* Clio, Beograd.

Breton, F (2000) *Izmanipulisana reč,* Clio, Beograd.

Николовска, Н. and Силјановска-Давкова, Г (2001), *Македонската транзиција во дефект,* Магор, Скопје.

Sadkovich, J.J (1998) *The U.S. Media and Yugoslavia, 1991-1995,* Praeger, Westport, Connecticut.

Dimitrijević-Kazić, M (1999) „Analiza diskursa u novinskim člancima“ in Skopljanac, N et all (ed.), *Mediji i rat,* Mediji, Beograd, pp.291-308.

Sopar, V (2003) „Press in Macedonia: Still in Process of Transition“[online], available from *http://www.soemz.euv-frankfurt-o.de/media-see/index.html* [accessed at 18.06.04].

Thompson, M (1999) *Forging War: The Media in Serbia, Croatia, Bosnia and Hercegovina,* University of Luton Press, Luton.

[1] Како што претходно беше наведено, дневните весници Нова Македонија и Фљака се дел од изданијата на издавачката куќа НИП „Нова Македонија“. Инаку, првото издание на дневниот весник „Нова Македонија“ се појавува уште во 1944 година, додека првиот број на Фљака е отпечатен во 1945 година (Sopar: 2003). Нова Македонија е единствениот дневен весник на македонски јазик сé до 1963 г. кога се појавува, тогаш вториот дневен весник, Вечер. Може да се каже дека Нова Македонија и Фљака како дел од својата издавачка куќа, која инаку била во целосна државна сопственост, имаат доминантна позиција во Македонија. Тие континуирано биле примарен печатен медиум на естаблишментот и долги години ја влечкаа со себе синтагмата „владини весници“. Во вакви услови, во овие весници работеа и пишуваа најдобрите новинари и водечките пера на државата. Издавачката куќа беше во државна сопственост до 1998 г. кога беше понудена за приватизација. По неуспешната приватизација во 2002 г. Нова Македонија е претпријатие со нерешен статус, а како последица на ова новинарите од весниците кои таа ги издаваше нешто пред 1998, а поинтензивно по 1998, се префрлија во приватниот сектор и имаа речиси водечка улога во основањето и работењето на останатите дневни весници.

[2] Цитирано во Николовска и Силјановска-Давкова (2001: 1).